Врз основа на член 50 став 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 13 став 2 од Правилникот за критериуми за селекција на кандидати за вработување во Територијалната Противпожарна единица во Општина Велес бр.08-3677/1 од 09.07.2018 година и записникот од Комисијата за селекција со ранг-листа на селектираните кандидати на Јавен оглас за вработување на неопределено време овластени службеници во областа на безбедноста со бр.04-4895/15 од 27.12.2019 година,

Градоначалникот на Општина Велес ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за избор на кандидат за вработување на неопределено време
овластени службеници во областа на безбедноста-Пожарникар спасител

1. Градоначалникот на Општина Велес, по спроведената постапка по Јавниот оглас со бр.04-4895/2 од 13.12.2019 година за вработување на неопределено време на овластени службеници во областа на безбедноста на работно место–пожарникар спасител, ниво В4, реден број 105, шифра ПОЖ 0210 В04 000, изврши избор на следниот најдобро рангиран кандидат:

   - Емин Богуќанин

2. Врз основа на одлуката за избор со избраниот кандидадат наведен во точка 1 од оваа Одлука, ќе се склучи договор за вработување на неопределено време, по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Велес на објави Јавен оглас за вработување на неопределено време на службеници во областа на безбедноста со бр.04-4895/2 од 13.12.2019 година за двајца извршители за работно место пожарникар спасител, ниво В4, реден број 105, шифра ПОЖ 0210 В04 000 утврдено со актот/систематизацијата на работните места на Општина Велес-ТППЕ. На јавниот оглас се јавија 6 кандидати.

Комисијата за селекција, формирана од Градоначалникот на Општина Велес ја спроведе постапката по пристигнатите пријави по огласот во две фази на селекција и до Градоначалникот на Општина Велес достави Записник со конечна

ранг-листа на селектираните кандидати - од најуспешни со највисок број освоени бодови до кандидати со најмал број освоени бодови.

Врз основа на доставената ранг листа и согласно член 50 став 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник“ бр.5/02) и член 11 став 13 од Законот за пожарникарство пречистен текст („Службен весник“ на РМ бр.168/17), Градоначалникот изврши избор на еден кандидадат и донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се изјави приговор до Градоначалникот на Општина Велес во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на Општина Велес.

Број. 08-4895/16
30.12.2019 година

Доставено до:
-Одд. за човечки ресури
-Списи и архива

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски